Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Јавна установа Академија за судии и јавни обвинители
Institucioni publik Akademija për gjykatës dhe prokuror publik
ПАВЕЛ ШАТЕВ-PAVELL SHATEV
Бр.-Nr. 03-80/1
11. 02. 2025 год.-viti
Скопје-Shkup

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonise Maqedonisë së Veriut
Академија за судии и јавни обвинители
Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë publik
Pavell Shatev

# ГОДИШЕН ПЛАН

## ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА
## НА АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ ЗА 2025 ГОДИНА

Скопје, февруари 2025 година

Врз основа на член 16 став 1 алинеја 1 и 17 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Северна Македонија бр. 129/23 и 53/2024), член 18 став 1 алинеја 17 од Статутот на Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на РСМ" број 172/2023 и 62/2024) а во врска со Законот за ратификација на Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата (Службен весник на Република Македонија број 37/07.)[1], директорот на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" донесе:

# ГОДИШЕН ПЛАН
# ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА
# НА АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ ЗА 2025 ГОДИНА

## Вовед

Корупцијата како општествен феномен е еден од главните предизвици за развој на едно демократско општество, бидејќи ниту едно општество, без разлика колку е развиено од економски и демократски аспект, не е имуно на корупцијата како девијантна појава. Од тие причини, Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" (во натамошниот текст: Академијата) како и секоја институција во нашата држава ја истакнува важноста на справување и превенција на оваа штетна појава која врши ерозија на институционалните капацитети, го поткопува легитимитетот и притоа ги уништува темелните вредности кои се поставени во највисоките правни документи.

Имено, Академијата воспоставува механизми и процедури во насока на спречување и минимизирање на ризикот од појава на корупција и со тоа обезбедува услови за функционирање на институцијата согласно Уставот и законите во Република Северна Македонија, меѓународните ратификувани договори и етичките норми и стандарди. Од друга страна, за ефикасна борба против корпцијата значајни се нормативните решенија, институционалната рамка, ефикасната примена на законите, институционалниот и личниот капацитет и интегритет. Јакнењето на интегритетот во институцијата е значаен чекор за спречување на корупцијата и неговото негување на институционално и лично ниво поттикнува обезбедување независност, професионалност и отчетност во извршување на надлешности утврдени со домашната и меѓународна правна рамка.

[1] Службен весник на Република Македонија број 37/07.

Манифестацијата на корупцијата има повеќе форми и облици: мито, поткуп, непотизам, кронизам, клиентелизам, злоупотреба на службена положба и овластување, злоупотреба на јавните фондови и ресурси. Корупцијата го уништува демократскиот напредок на една држава и ја слабее довербата на граѓаните во институциите и власта.

Корупцијата има најразлични облици и може да вклучува:

- јавни службеници коишто бараат или земаат пари и услуги во замена за некаква услуга;
- политичари коишто ги злоупотребуваат јавните пари, доделуваат работни позиции или договори на своите спонзори, пријатели, семејства и
- компании коишто ги поткупуваат функционерите за да добијат поволни договори.

Корупцијата вообичаено се случува дискретно и во зависност од тоа како и каде се манифестира, честопати е овозможена и со помош на банките, адвокатите, сметководителите, нетранспарентните трансакции, перењето пари, несразмерното богатење[2].

Во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси[3] под корупција се подразбира: „злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг, додека под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности“[4].

Конвенцијата на Советот на Европа за Граѓанско право за корупцијата, ја дефинира корупцијата како барање, нудење, давање или прифаќање, директно или индиректно, мито или било каква друга непотребна предност или перспектива за тоа, а која го нарушува правилното извршување на секоја должност или однесување кое се бара од примателот на митото, непотребната предност или перспективата за таква предност.

---

[2] https://transparency.mk/shto-pretstavuva-korupcijata/

[3] Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на РМ“ број 12/2019;„Службен весник на РСМ“ број 160/20), член 2 став (1);

[4] Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на РМ“ број 12/2019;„Службен весник на РСМ“ број 160/20),), член 2 став (3);

Во исто време корупцијата може да ја опишеме и со следната општо позната дефиниција:

**К = (М + ДО) – Т**

**Корупција = (монопол + дискрециони овластувања) – транспарентност.**

Интегритетот и корупцијата се две појави кои се спротивни една на друга, односно секое коруптивно дејство подразбира кршење на интегритетот. Под поимот „интегритет" се подразбира законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работи со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата во која се одговорно лице, односно се вработени, ги елиминираат ризиците и ги отстрануваат сомневањата во можноста од настанување и развој на корупција и со тоа обезбедуваат доверба на граѓаните во вршењето на јавните функции и во работата на јавните институции.[5]

Веројатноста да дојде до корупција е поголема кога една организација или лице:

- има монопол во владеењето врз добро или услуга;
- има дискреција при донесувањето на одлуки за тоа кој ќе добие добро или услуга;
- не подлежи на одговорност за своето однесување.

Наведеното презентирано преку едноставната формула на Роберт Клитгард (1998) е претставено како:

**К (корупција) = М (монопол) + Д (дискреција) – О (одговорност).**

## 1. Улогата на Академијата за судии и јавни обвинители во спречувањето на корупцијата

Академијата за судии и јавни обвинители е јавна установа основана од државата, со својство на правно лице и независна во своето работење. Со Академијата раководи директор.

[5] Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на РМ" број 12/2019;„Службен весник на РСМ" број 160/20),), член ~~4.~~ 8 став 7

Директорот ја претставува и застапува Академијата, обезбедува законито и ефикасно вршење на работите и задачите, раководи и ја организира работата на Академијата.

Академијата има за цел професионално, независно, непристрасно и ефикасно извршување на судиската и јавно - обвинителската функција, како и стручно и ефикасно извршување на работите на стручните служби во судството и јавното обвинителство во насока на афирмирање на принципот владеење на правото и заштита на човековите права.

Како единствена установа од ваков тип во нашата земја, преку едукацијата на идните судии и јавни обвинители, како и континуираната едукација на постојните судии и јавни обвинители, Академијата за судии и јавни обвинители игра особено значајна улога во поставување на основите за анти- коруптивното однесување и подигнување на свеста за корупцијата во правосудниот систем.

Мисијата е создавање на современ правосуден систем кој ќе се заснова на високите европски вредности, кој ќе биде целосно хармонизиран со европската легислатива, кој ќе ги инкорпорира меѓународните стандарди, се со цел да ја подигне довербата на граѓаните во правосудните институции и да обезбеди полесен и поефикасен пристап до правдата.

Академијата врши прием и стручно усовршување на кандидатите за судии и јавни обвинители, континуирана обука за унапредување на стручноста на судиите и на јавните обвинители, континуирана обука на стручните служби во судството и во јавното обвинителство, специјализирана обука за судиите поротници, обука на субјектите кои учествуваат во спроведување на законите од областа на правосудството, како и заради вршење аналитичко-истражувачка дејност од областа на правосудната теорија и практика. Академијата својата дејност ја спроведува преку:

- организирање и спроведување почетна обука на идните кандидати за судии и јавни обвинители за потребите на основните судови и основните јавни обвинителства,
- организирање и спроведување континуирана обука за унапредување на стручноста на судиите и јавните обвинители,
- организирање и спроведување континуирана обука на стручните служби во судството и јавното обвинителство, како и обука на другите субјекти кои учествуваат во спроведувањето на законите од областа на правосудството,
- спроведување аналитичко - истражувачка дејност од областа на правосудната теорија и практика и
- врши други работи утврдени со закон и со Статутот на Академијата.

Заради спроведување на дејноста, Академијата:

- воспоставува и одржува соработка на полето на обуката со сродни домашни и странски институции, организации, здруженија и фондации, а особено со професионалните здруженија на судиите и јавните обвинители и коморите,
- соработува со европските мрежи на институциите за обука, како и Лисабонската мрежа при Советот на Европа и Европската мрежа за тренинг на Европската Унија,
- RAI – Регионална антикорупциска иницијатива во рамки на која соработка покрај заеднички конференции во земјата и номинира и учесници во странство и на Летни школи за борба со корупција
- остварува меѓународна размена на судии, јавни обвинители, како и други субјекти
- организира и води библиотека,
- издава публикации и врши друга издавачка дејност за свои потреби,
- остварува соработка со правните факултети заради развој на програми за професионално ориентирање и подготвување на студентите од правните факултети за прием во Академијата,
- организира и учествува во истражувачки проекти и
- врши и други дејности од значење за унапредување и усовршување на обуките во правосудството, утврдени со Закон и со Статутот.

Активностите на Академијата за судии и јавни обвинители поврзани со спречување на корупцијата се одвиваат во согласност со овластувањата и обврските утврдени со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и друга релевантна законска регулатива.

Согласно **Акцискиот план** во НССК во Сектор 5.2. Правосудство е нотиран Проблем 1: Недоволно ефикасен систем за јакнење на интегритетот во судството и јавното обвинителство, за што е утврдена Мерка 2: Спроведување на задолжителни обуки за судиите и јавните обвинители заради имплементација на кодексите за професионално однесување. Започнувајќи од 2021 година, Академијата редовно поднесува извештаи за реализација на мерките предвидени во стратегијата преку Порталот на ДКСК. Така за горенаведената мерка, освен Академијата редовно известува дека донесува Општа програма за континуирана обука на судиите, јавните обвинители и други таргет групи од институции поврзани со правосудството, која се донесува за период од 2 години. Во неа има предвидено дел за Организиран криминал и корупција и дел за Општи теми. Програмата е прикачена на веб страната на Академијата и е достапна во секој момент, за секое заинтересирано лице без потреба од посебна најава. Освен тоа на годишно ниво се доставуваат и податоци за одржани обуки на темите поврзани со мерката со

детален приказ на број на судии, јавни обвинители, стручни соработници и други лица кои ја посетиле обуката.

Академијата за судии и јавни обвинители во рамки на годишниот каталог на активности редовно организира обуки кои вклучуваат теми од областите: етика, етички кодекс, правни аспекти на борбата со корупција, значење на ревизорските извештаи во борбата против корупцијата, добри практики во анализа на ревизорските извештаи во борбата против корупцијата, судир на интереси, заштита на укажувачи, зајакнување на правосудниот систем во борбата против корупцијата и конфискација на имот, случаи на корупција и преземени мерки од страна на ДКСК, соработка помеѓи институциите во борбата против корупцијата, јавна корупција и техники за спроведување на законите и други теми од оваа област.

Исто така Академијата редовно, за секоја генерација слушатели во почетна обука, во Правилникот за теоретска настава во почетна обука во Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ и Програмата теоретска настава има предвидено определен фонт на часови за судиска и јавнообвинителска етика, со цел да ги подготви слушателите (судиите и јавните обвинители) за етичко извршување на професијата.

Согласно **Акцискиот план** во НССК во Сектор 5.2. Правосудство е нотиран Проблем 2: Недоволни материјални и кадровски ресурси, отсуство на автоматизиран систем за распределба на предметите и нивно следење во јавното обвинителство и недоволна транспарентност во работата на Советот на јавните обвинители, за што е утврдена Мерка 1: Кадровско екипирање на јавни обвинителства согласно постојните систематизации на работните места. Академијата на годишно ниво известува преку порталот на ДКСК за бројот на новоизбрани кадри кои претходно завршиле обука во Академијата. Исто така известува за бројот на новоизбрани кадри кои завршиле обука за новоизбрани судии/јавни обвинители.

Академијата за судии и јавни обвинители на Република Северна Македонија во соработка со УНОДЦ – Канцеларијата на ОН за дроги и корупција, разви два посебни модули (модул 1 – основно ниво и модул 2 – напредно ниво) за анти-корупциска обука за справување со ситната корупција, за потребите на своите целни групи во правосудството: Слушателите на почетната обука во Академијата, учесниците во континуираната обука на Академијата (судии, обвинители и други целни групи на Академијата, во групи со мешовит состав и со интердисциплинарен пристап). Приоритет имаат судиите кои работат на кривичната материја и обвинителите - особено оние кои работат во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција. Бидејќи дел од кривичните постапки би можеле да имаат и дел кој се решава во граѓанска постапка, би можеле да се вклучат и граѓански судии, но и стручните сработници. Во мешовитите групи на

континуираната обука, ќе се вклучат и вработени лица во МВР кои работат на истрагите, лица кои работат во инспекциските служби во области каде е нотирана зачестеност на случаи на ситна корупција како и други контролни тела. Евидентно е дека пристапот кон постигнување на ваква долгорочна цел би можел да биде остварлив само кога активностите кон сузбивање на ситната корупција би ги опфатиле не само правосудните институции, туку и бројни други општествени актери, па во таа смисла покрај вработени лица од МВР, може да бидат вклучени и други претсатвници од релевантни институции за борба со корупција Царинска управа, Финансова полиција, ДКСК, Агенција за управување со одземен имот, Управа за финансиско разузнавање, Управа за јавни приходи и Државен завод за ревизија.

Во рамки на обуките покрај Законот за кривична постапка, би се опфатиле и следните посебни закони: Закон за полиција, Закон за Финансова полиција, Протоколи кои се склучени помеѓу Обвинителство и органите вклучени во борбата со ситната корупција, Стратегии за финансиски истраги и корупција и перење пари, Закон за примена на привремени мерки за обезбедување, Конфискација на имот, на кој начин би се претставиле законските можности за меѓусебна комуникација во обезбедувањето на докази и индиции за сторено кривично дело, со конкретни кратки практични примери за начините како истото се одвива.
Преку овие обуки се очекува да се постигне формирање на свест за штетноста и потребата од казнивост на случаите на ситната корупција; здобивање заокружени сознанија од меѓународни документи и домашното позитивно право во врска со сузбивањето на корупцијата во сите нејзини облици; преглед на можностите за делување на правосудните органи; практични вежби за стекнување со информации за начинот на кој може да се пристапи кон сузбивање на ситната корупција преку нејзино гонење и казнување; стекнување практични вештини за професионално постапување во сите чекори на постапката.
Во рамки на проектот заради обезбедување на долгорочна одржливост на проектот беа развиени наставни материјали и обучени обучувачи, со цел редовно да се спроведуваат овие обуки во рамките на почетната и континуираната обука.

Академијата како државна институција со високо реноме, која веќе го има имплементирано и сертифицирано системот за менаџмент со квалитет согласно барањата на ISO 9001:2015, секојдневно во своето работење води сметка за можните ризици од корупција, за што истите ги документира и работи на нивно отстранување.
Во декември 2023 година од страна на сертификациско тело е извршена сертификациска проверка на ISO стандардот МКС EN ISO 9001:2015 на Академијата, со која е издаден сертификат со важност од февруари 2024 година.

## 2. Планирани мерки во поглед на спречување на корупција на ниво на Академијата за судии и јавни обвинители за 2025 година

Со оглед на ризиците кои може да се наметнат од областа на корупцијата, Академијата успева успешно да ги детектира истите и во континуитет да ги обезбеди сите потребни алатки и механизми со кои ќе ги заштити внатрешните процеси.

Со овој Годишен план се определуваат конкретни мерки кои во текот на 2025 година треба да ги преземе Академијата во поглед на превенција од корупција односно спречување на корупција на ниво на самата институција. Надлежностите на Академијата се пропишани со одредбите од Законот за Академија за судии и јавни обвинители[6] и нејзините подзаконски акти.

Во насока на спречување на корупцијата Академијата за судии и јавни обвинители презема мерки и активности за:

- демонстрирање на волја на Академијата за спречување корупција и судир на интереси преку континуирано следење и идентификување на причините, условите и факторите кои би овозможиле појава на корупција;
- демонстрирање етика и интегритет во спречувањето на корупцијата и судирот на интереси (почитување на Законите и подзаконските акти и Етичкиот кодекс);
- континуирана отчетност и транспарентност во вршењето дејноста и комуникација со медиумите и пошироката јавност;
- управување со човечки ресурси во правец на едукација и дејствување во превенција и спречување корупција и судир на интереси;
- почитување на начелата и принципите утврдени во одредбите на Законот за јавните набавки при доделувањето на договорите за јавни набавки и нивната реализација; Зајакнување на капацитетите на квалификувани и обучени кадри за спроведување на јавните набавки, преку спроведување на обуки за јавни набавки за сите вработени во Академијата, особено на вработените кои учествуваат во Комисиите за јавни набавки;
- почитување на начелата при извршување на финансискиот план (буџет) за Академијата и известувањето за неговото извршување, како и ефективно и рационално користење на финансиските средства од други извори на

---

[6] Закон за Академија за судии и јавни обвинители („Службен весник на РСМ" број 129/2023 и 53/2024)

финансирање (самостојни приходи) кои не се во спротивност со дејноста на Академијата;

- континуирана соработка со другите надлежни органи задолжени за превенција и борба против корупцијата;
- користење на добри практики за заштита од корупција;
- дополнителни контролни механизми за спречување на корупцијата;
- постапување согласно правилата на имплементираниот систем за квалитет согласно меѓународниот стандард ISO 9001:2015;
- пазначување на лице од редот на вработените во Академијата кое е задолжено за пријавување на неправилности во работењето

Истражувања покажуваат дека ниските плати на вработените во администрацијата резултираат во опаѓање на ефикасноста на јавниот сектор и продуктивноста и предизвикува поттик и шанса за корупција и злоупотреба на државните ресурси. Но, постои општа согласност дека и евентуалното покачување на платите само по себе нема да ја постигне целта ако истовремено не се применува системот на меритократија при распределба на работните места во администрацијата. Исто така, важна улога во сузбивањето на корупција игра изразената волја за генералното владеење на правото, преку постоењето на механизми на внатрешна и надворешна контрола, постоењето на соодветни ефикасни санкции и механизми за идентификување на корупција.

**Внатрешната контрола** за адресирање на оваа појава се состои во: креирање на адекватни системи за супервизија и контрола на службеникот; поставување експлицитен стандард за работен учинок на лицето и организацијата; квалитетен процес на регрутирање и селекција на персонал; поставување на нормативно уредени и транспарентни процедури; итн.

**Надворешната контрола** против ситната корупција се огледува во законското гонење и постапување од страна на правосудните огани и органите за прогон; меѓусебната супервизија и контрола на разновидни други органи во системот (на пример инспекции); транспарентност на работењето и информирање на јавноста; постоење на механизми за учество на граѓаните во процесите и можност за ефективна поплака; и слично.

## 2.1 Демонстрирање на волја на Академијата за судии и јавни обвинители за спречување корупција и судир на интереси

Оваа мерка ќе се реализира во 2025 година преку извршување на следните активности:

- реализација на активностите планирани со Годишната програма за работа на Академијата за судии и јавни обвинители за 2025 година, во рамки на кои, менаџментот на Академијата и сите вработени, во вршењето на дејноста на Академијата во континуитет внимаваат по службена должност за состојбите при констатирање неправилност во вршење на работата, ако оценат дека истото може да претставува дејствие на сторено кривично дело од областа на спречување корупција и судир на интереси, веднаш да ги известат надлежните органи;

- при спроведување на испитите, Академијата доставува известување до сите членови на телата на Академијата што се директно или индиректно вклучени во испитниот процес, до предавачите што учествувале во подготовка на испитни прашања, како и до сите други тела и институции кои се на било каков начин вклучено во спроведувањето на испитите, со цел доколку има состојба на судир на интереси, тоа да го пријават. За преземените дејства, директорот доставува известување до Државната комисија за спречување корупција;

- со цел елиминирање на можностите за влијание на испитите кој ги спроведува Академијата, кандидатите и слушателите во почетна обука влечат шифри за секој дел од испитите кои се спроведуваат по писмен или електронски пат. Идентитетот на кандидатите се откривиа откако чите членови на Комисиите/оценувачите ќе ги внесат оценкити.

- отвореност за прием на пријави од укажувачи, за што е поставено лице за прием од укажувачи – директорот на Академијата за судии ијавни обвинители, отворена е посебна електронска пошта за оваа намена – zastitanaukazuvaci@jpacademy.gov.mk, а информациите за сето ова се поставени на веб страната на Академијата[7];

- мониторинг / следење на извршувањето на поединечни задачи од страна на раководството на Академијата, согласно надлежностите пропишани со Законот за Академијата за судии и јавни обвинители, Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор, Етичиот кодекс на

[7] https://jpacademy.gov.mk

Академијата и други посебни прописи и акти, кои се посредно или непосредно поврзани со спречувањето на корупцијата и судирот на интереси, односно:

- дали има поднесени пријави од укажувачи;
- дали се констатирани состојби на корупција при вршење на дејноста;
- дали и колку се реализирани обуки согласно Годишниот план за континуирано професионално усовршување за 2025 година, особено учество во работни групи, иницијативи, проекти или други тела во земјата и странство во кои биле вклучени теми од обласа на спречување корупција и судир на интереси;
- дали е извршен процесот на годишно ажурирање или измена во воспоставените интерни процедури на Академијата вклучително и на процедурите опфатени со Системот за управување со квалитет во Академијата;
- дали Академијата редовно постапувала по евентуални барања од Народниот правобранител или барања од истражни и правосудни органи по однос на доставување информации за отворени предмети кај наведените институции односно органи а за кои биле побарани податоци од Академијата;
- дали е постапено по сите барања на информации од јавен карактер;
- дали се постапува согласно Уредбата за критериумите, начинот на давање и примање на дарови, пријавување на даровите, начинот на доплата за личен дар, како и користењето, чувањето и евиденцијата на стварите што станале државна сопственост по пат на дар („Службен весник на Р.М." број 180/15 и 313/20), и согласно истата се води евиденција за примени дарови во електронска форма.
- дали редовно согласно роковите се одвива реализацијата на планот за јавни набавки, постапката на негово донесување и менување и почитувањето на процедурата за секој поединечен вид на јавни набавки во Академијата, дали се поднесени жалби по однос на спроведените постапки, дали договорите се реализираат согласно одредбите и сл.;
- дали се одржани редовни годишни интерни проверки на воспоставениот систем за управување со квалитет ISO 9001:2015.

Горенаведените активности, Академијата ќе ги извршува преку донесување на соодветни акти за воспоставување на материјално-правна и процесно-правна основа за нивно извршување, организирање на технички состаноци на стручниот колегиум, технички состаноци со комисии, функционирањето на тимот за квалитет,

непосредни состаноци со одговорните лица назначени за извршување на определени должности, за што спрема потребите можат да побараат и непосредно поднесување на докази заради верификација дека се извршени активностите.

## 2.2 Демонстрирање етика и интегритет во спречувањето на корупцијата и судирот на интереси

Во рамките на соработката со надлежните институции, вработените се должни да ги почитуваат Уставот на Република Северна Македонија, легислативата на Република Северна Македонија и Кодексот на етика на Академијата.

Етичкото однесување е од клучно значење за Академијата при воспоставувањето на угледот и довербата што мора да ја поттикнат кај засегнатите страни. Етичкиот кодекс ќе обезбеди на Академијата и на вработените, соработниците, предавачите, членовите во органите и комисиите на Академијата, слушателите во почетна обука, сет на вредности и принципи врз кои можат да го засноваат своето однесување.

Врз основа на член 11 став 1 алинеја 1 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители („Службен весник на РМ“ бр. 129/2023) Управниот одбор, во 2024 година донесе Етички кодекс на Академијата чија основна цел е јакнење на јавната доверба и подобро разбирање на улогата и мисијата на Академијата во рамките на правосудниот систем на Република Северна Македонија. Со Етичкиот кодекс недвосмислено и јасно се изразуваат вредностите и принципите коишто треба да ги водат субјектите на оваа институција во нивната секојдневна работа и при вршење на нивните надлежности (членовите на органите и комисиите на Академијата, директорот и заменикот на директорот, предавачите, менторите, координаторите, слушателите на почетна обука, кандидатите за идни судии и јавни обвинители, учесниците на континуираната обука и вработените во Академијата)

Исто така заради намалување на ризикот од корупција, оваа мерка Академијата ќе ја имплементира со следните активности односно дополнителни процеси како што се:

- Изјава за непостоење конфликт на интереси односно давање Изјава за непостоење на судир на интереси од комисијата за јавни набавки и директорот на Академијата и

- Откако ќе биде донесен, сите субјекти на кои се однесува, ќе потпишат Изјава за запознавање со Кодекс на етика на Академијата за судии и јавни обвинители.

## 2.3 Континуирана отчетност и транспарентност во вршењето на дејноста и комуникација со медиумите и пошироката јавност

Во насока на зголемување на отчетноста, транспарентноста и одговорноста во работењето на Академијата, пред и веднаш по одржување на седниците на органите на Академијата, на веб страната се објавуваат известувања со информации, како и записниците од седниците на Управниот одбпр согласно Деловникот за работа.
Редовно се врши ажурирање на веб страната на Академијата со новодонесените подзаконски акти, извештаи и програми за работа, реализирани активности и средби.
За спроведувањето на Приемниот испит, Академијата има отворено посебно поле на својата веб страница, каде што кандидатите за прием во почетна обука, од страна на Приемната Комисија се известуваат за новостите од спроведувањето на Приемниот испит, се објавуваат распоредите за полагање, ранг листите од спроведенето тестирање како и други работи од интерес за кандидатите за прием во почетна обука.
Промовирањето на работењето на Академијата, сите активности кои се преземаат од страна на Академијата и информациите од одржани седници на органите се врши континуирано со објавување на веб страната на Академијата.

## 2.4 Управување со човечки ресурси во правец на независен и непристрасен процес на вработување, унапредување и едукација

Со цел остварување на своите надлежности и задачи, Академијата како појдовна точка за влез во правосудството, потребно е да посвети доволно внимание на градење на модерен, ефикасен и функционален систем за управување со човечки ресурси, што подразбира воспоставување на најдобри пракси, а во согласност со Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници, Колективниот договор на Академијата и други прописи од областа на човечките ресурси.

Активности во 2025 година со кои ќе се реализира оваа мерка се:

- реализација на Годишниот план за вработување во Академијата за 2025 година;
- едукација на вработените;

- реализација на Годишниот план за континуирано професионално усовршување за 2025 година, односно реализирани обуки, семинари, работилници во земјата и во странство во рамки на кои задолжително има програмирано обуки од областа на превенција од корупција, измами и мито и други форми и појави поврзани со корупцијата;
- континуирано разгледување на реализацијата на активностите по мерки опфатени во Стратегијата за управување со човечките ресурси 2024-2027;

### 2.5 Почитување на начелата и принципите утврдени во одредбите на Законот за јавните набавки при доделувањето на договорите за јавни набавки

Академијата за судии и јавни обвинители во своето работење обезбедува и почитување на начелата и принципите утврдени во одредбите на Законот за јавните набавки при доделување на Договори за јавни набавки и следењето на нивната реализација во рамките на Академијата.

Академијата при реализацијата на постапките за јавни набавки постапува согласно Законот за јавните набавки, подзаконските акти за јавни набавки и донесената Процедура за начинот и постапката на планирање, спроведување и реализација на јавните набавки во Академијата.

Наведената процедура обезбедува воедначен пристап на сите комисии за јавни набавки во рамките на Академијата. Во процесот на доделување и следење на реализација на договорите за јавни набавки обезбедено е разграничување на надлежностите на вработените.

### 2.6 Почитување на начелата при извршување на финансискиот план (буџет) на Академијата за судии и јавни обвинители и известувањето за неговото извршување

Академијата во процесот на подготвување, извршување и известување за извршувањето на финансискиот план на Академијата обезбедува доследно почитување на финансиските принципи и тоа:

- принцип на фискална одговорност подразбира Буџетот на државата и општините да се планира и извршува согласно со среднорочни фискални цели, базиран на реална проекција на макроекономските индикатори, преземени обврски и постојните законски обврски и јавните средства со кои се управува на начин со кој се обезбедува среднорочна и долгорочна фискална одржливост;

- принцип на економичност, ефикасност и ефективност подразбира Буџетот на државата и општините да се планира и извршува на начин што ќе обезбеди ефективно и ефикасно користење на јавните средства за постигнување на поставените цели;
- принцип на сеопфатност на буџетот подразбира дека сите приходи и други приливи и сите расходи и други одливи на сите буџетски корисници се внесуваат во Буџетот на државата и општините целосно без никакво приспособување меѓу себе, освен за пренос помеѓу нив;
- принцип на универзалност подразбира дека сите приходи и други приливи се користат за намирување на сите расходи и други одливи на Буџетот на државата или општините, освен ако со овој или со друг закон поинаку не е определено;
- принцип на специфичност подразбира буџетските корисници да можат да преземаат обврски и да вршат плаќања само за целите и во износи утврдени со буџетот, согласно со буџетските класификации;
- принцип на готовинска основа подразбира буџетите или финансиските планови на буџетските корисници да се подготвуваат и извршуваат на готовинска основа;
- принцип на една година подразбира дека буџетот се носи за период од една година, која се совпаѓа со календарската година;
- принцип на избалансиран буџет (буџетска рамнотежа) подразбира дека приходите и расходите во Буџетот на државата и општините се избалансирани;
- принцип на транспарентност подразбира дека Буџетот на државата и општините, како и неговите измени и дополнувања, извршувањето и буџетската документација ќе бидат објавени во „Службен весник на Република Северна Македонија", односно во службено гласило или на веб- страницата на Министерството за финансии и на општините, а финансиските извештаи на другите јавни субјекти ќе бидат објавени на нивните веб-страници и
- принцип на сигурно финансиско управување подразбира извршување на буџетот во согласност со ефективна и ефикасна внатрешна контрола како процес што се применува на сите нивоа на управување со финансиските средства.

Исто така Академијата обезбедува континуирано постапување согласно одредбите на Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер, каде се поместени информациите и податоците кои имаат третман на информации од јавен карактер[8].

На овој начин се обезбедуваат податоци и информации кои се однесуваат на работењето на Академијата, а може да претставуваат интерес на одредени засегнати страни.

**Академија за судии и јавни обвинители**
**Павел Шатев**
**Директор**
Јавен обвинител Ирина Трајкоска Стрезоски

__________________________

[8] https://jpacademy.gov.mk/about/free-access-to-public-information/